Со континуирано инвестирање во производниот процес уште од своето основање во 1924 година па до денес, „Прилепска Пиварница“ АД постојано го подобрува квалитетот на своите постојни производи и создава нови.

Во моментов имаме потреба од проширување на нашиот тим, на позиција:

**Раководител во обработка на пиво**
**во Прилеп**

**Потребни квалификации:**

- ВСС -Технолошко Металуршки факултет(Прехрамбена технологија и Биотехнологија) или Машински факултет (смерови: Автоматизација и управувавачки системи; Хидраулично енергетско инженерство; Производно инженерство)
- Пожелно работно искуство до мин 1 година, или практикантска работа во соодветна компанија

**Одговорности и задачи:**

- Раководи со целокупната работа во обработката на пиво;
- Го спроведува и контролира режимот на технолошкиот процес одреден од страна на шефот на обработка на пиво;
- Врши контрола на квалитетот и квантитетот на пивската сладовина, младото пиво и исфилтрираното пиво;
- Се грижи за исправноста на опремата;
- Ја контролира количината на хлор во водата во хлорната станица;
- Го контролира процесот на ферментација и потребните температурни режими во главната и дополнителната ферментација;
- Води евиденција за присуство на вработените и ги евидентира сите останати мерила за вреднување на трудот;
- Се грижи за ХТЗ на вработените;
- Го контролира процесот на полнење на пиво во буриња;
- Ги применува пропишаните мерки за заштита при работа;

Работа во смени